**8 СЕПТЕМВРИ**

**35 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ**

**Почитувани сограѓани,
Драги Македонци,
Драги пријатели,**

**Денес слави Републиката!**

Денес одбележуваме еден голем и значаен јубилеј – **35 години слободна, суверена и независна Македонија**, три и пол децении од историскиот 8 Септември 1991 година, кога јасно изразената волја на граѓаните прерасна во историска одлука со која беше определен патот на нашата држава.

Тоа беше мирна и величествена победа на демократијата, но истовремено и круна на вековниот стремеж на македонскиот народ да живее слободно, достоинствено и во сопствена држава, самостојно одлучувајќи за својата сегашност и за својата иднина.

Врз темелите на Илинден и АСНОМ, продолжувајќи го патот на генерациите што пред нас гоноселе идеалот за македонска државност, а со државничката мудрост на првиот претседател Киро Глигоров, првиот премиер Никола Кљусев и целата генерација што ја понесе одговорноста во тие пресудни години, Македонија ја заокружи својата државност и мирно зачекори по патот на независноста.

Во време на големи превирања на Балканот и неизвесност за иднината на целиот регион, нивната смиреност, визионерство и чувство за историска одговорност беа од огромно значење за зачувување на мирот, стабилноста, соработката и заедништвото во нашата држава.

Но независна Македонија не ја создадоа само нејзините државници.

Ја создадоа и сите оние луѓе кои во изминатите децении со своето знаење, работа, храброст, пожртвуваност и љубов кон Татковината вградија дел од својот живот во нејзините темели – работниците, учителите, лекарите, земјоделците, инженерите, уметниците, спортистите, нашите родители и сите чесни луѓе кои веруваа дека Македонија може и мора да биде подобро место за живеење.

**Затоа денес им оддаваме должна почит на сите нив.**

Почит на оние што ја сонуваа Македонија, на оние што се бореа за неа, на оние што ја создаваа и на сите што денес со својот чесен труд продолжуваат да ја градат.

**Патот до 8 Септември не започна во 1991 година.**

Тој пат го трасираа генерации Македонци кои цврсто веруваа дека овој народ заслужува слобода, достоинство и право да биде свој на своето, генерации кои во различни историски околности ја носеа истата желба – Македонија да биде слободна и самостојна.

Од илинденците, преку асномците, до генерацијата што на 8 Септември во 1991 година излезе на референдум и ја презеде историската одговорност сама да одлучува за својата иднина, постои една непрекината нишка на стремеж, жртва, надеж и верба во сопствената држава.

Тие генерации не ни оставија само граници, институции и државни симболи.

**Ни оставија завет.**

Завет дека слободата мора да ја чуваме, државата постојано да ја развиваме, а Македонија еден ден да им ја предадеме на оние што доаѓаат по нас посилна, постабилна и подобра отколку што сме ја наследиле.

**Почитувани,**

За овие три и пол децении Македонија помина низ многу искушенија, низ периоди на успеси, но и низ моменти кога бевме исправени пред сериозни политички, економски и општествени предизвици.

Сепак, изградивме сопствени институции, го зацврстивме своето место во меѓународната заедница, станавме полноправна членка на НАТО, а македонското знаме денес се вее пред седиштето на Обединетите нации и во најзначајните меѓународни институции.

Но 35 години се доволно долго време да престанеме постојано да се прашуваме каква држава наследивме и да почнеме многу посериозно да се прашуваме:

**Каква држава ќе оставиме?**

Тоа е прашањето на нашата генерација.

Затоа што на 8 Септември 1991 година не добивме само независност и право самостојно да ја водиме државата. **Добивме и одговорност.**

Одговорност да ја чуваме државата за која генерации пред нас сонуваа, да ја развиваме со знаење и труд, да ја правиме посилна и поправедна и, кога ќе дојде времето, да им ја оставиме на нашите деца подобра од онаа што ние сме ја наследиле.

Затоа што државата не е само територија, законите, границите и државните симболи.

**Државата се луѓето.**

Секој од вас што утрово отишол на работа, секој родител што се грижи за своето дете, секој млад човек што решил својата иднина да ја гради тука, секој земјоделец што ја обработува својата земја, секој учител што образува генерации, секој лекар што спасува човечки животи, секој претприемач што создава можности – сите вие сте Македонија.

И токму во тоа е суштината на државноста: не само да имаме држава, туку секој човек во неа да чувствува дека има свое место, своја шанса и своја иднина.

Гоце Делчев ни ја остави мислата:

**„Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите.“**

И повеќе од еден век подоцна, оваа порака не изгубила ништо од својата сила и современост, затоа што токму во светот во кој денес живееме треба да умееме да се натпреваруваме со знаење, со образование, со култура, со иновации, со работа и со резултати, почитувајќи ги другите, но истовремено почитувајќи се и самите себе.

**Секоја генерација има своја историска задача.**

Генерациите пред нас ја воделе борбата за слобода, една друга генерација ја создаде независната држава, а нашата генерација има подеднакво голема задача – слободата да ја зачува, државата да ја развие и Македонија да ја направи успешна, стабилна и достоинствена земја во која луѓето ќе сакаат да останат и да ја градат својата иднина.

**Триесет и пет години се една цела генерација.**

Децата родени во 1991 година денес се родители, наставници, лекари, инженери,; тие се генерацијата што целосно израсна во независна Македонија и која денес непосредно учествува во создавањето на нејзината современа историја.

И токму затоа, нашата вистинска победа нема да биде само во тоа што сме ја зачувале државата, туку во тоа дали нивните деца ќе растат со поголема сигурност, со поголема гордост и со цврста верба дека токму овде можат да ги остварат своите соништа.

Да се има сопствена и независна држава е огромна привилегија, но уште поголема е одговорноста што ја носи таа привилегија, затоа што ова е нашиот единствен заеднички дом и тој ќе биде добро место за живеење само ако секој од нас вложува во него дел од својот труд, својата совест, своето знаење и својата одговорност.

А одговорноста, се разбира, е најголема токму кај оние што ја добиле честа да ја вршат јавната власт – секоја нивна одлука да биде во служба на граѓаните и на државата

**Јавната функција не смее да биде привилегија – таа мора да биде обврска.**

Секоја наша одлука, секој потпис и секој еден ден поминат на функција што ни ја довериле граѓаните мора да бидат во служба на луѓето и на јавниот интерес, затоа што само така се покажува почит кон државата и токму така се оправдува довербата што ни е дадена.

Нашата следна голема стратешка цел останува полноправното членство во Европската Унија и по тој пат треба да чекориме мудро, истрајно и достоинствено, со нашиот македонски јазик, со нашата историја, култура и традиција.

Како што нè потсетува големиот Блаже Конески: **„Јазикот е нашата најкомплетна татковина.“**

Затоа во европското семејство треба да влеземе горди на тоа што сме, со самопочит и со сознание дека Македонија има што да ѝ понуди на Европа.

Но големите национални цели никогаш не се остваруваат само со големи зборови.

Тие се остваруваат преку конкретни дела, секојдневна работа, одговорни институции и луѓе кои ја разбираат тежината на својата должност.

Уште Крсте Петков Мисирков го поставил прашањето кое и денес силно одекнува:

**„Што направивме и што треба да правиме во иднина?“**

Тоа прашање е за секој од нас, но најмногу за сите нас кои сме ја добиле честа и одговорноста да носиме одлуки во име на граѓаните, бидејќи одговорност имаме и пред оние што ја создаваа државата, но уште повеќе пред оние што допрва ќе ја наследат.

**Почитувани,**

Силата на Македонија не се создава само во метрополата, туку расте во секој нејзин град, во секое село, во секое населено место, во секој дом и во секое семејство каде што живеат луѓе кои работат, создаваат и веруваат во својата земја.

И Македонија се создава и овде – **во нашата Крива Паланка.**

За мене Македонија не е апстрактен поим.

Македонија е местото каде што сум роден, каде што растат нашите деца, каде што почиваат нашите предци и каде што сакаме да ја гледаме иднината на оние што ќе дојдат по нас.

А мојата Македонија започнува токму овде – во Крива Паланка.

**Македонија ја градиме и овде – во Крива Паланка.**

Ја градиме со секој реализиран проект, со секој нов пат и секоја уредена улица, со секое подобро училиште, со секој нов простор за нашите деца, со секоја инвестиција и со секоја можност што ја создаваме за младите и за сите наши сограѓани.

Напредокот на Крива Паланка е дел од напредокот на Македонија, затоа што успехот на секоја општина е успех на целата држава.

Големите зборови за Татковината имаат само вистинска вредност само кога зад нив стојат конкретни дела, бидејќи патриотизмот не е само да кажеме дека ја сакаме Македонија, туку секој ден со својата работа и постапки да направиме нешто таа да биде подобра.

Патриотизам е чесно да ја работиме својата работа, да ги почитуваме луѓето и институциите, да создадеме услови младите да останат овде, да учат, да работат, да создаваат семејства и да ги остваруваат своите соништа во својот роден крај, знаејќи дека нивното знаење е потребно, нивниот труд е ценет и нивниот успех е возможен.

И токму тука, на крајот, се враќаме на најважното.

Не на политиката.

Не на функциите.

Не на дневните поделби.

Туку на Македонија.

На она што ќе го оставиме по нас.

**Предците ни оставија држава за која вредеше да се борат.**
**Наша обврска е на децата да им оставиме држава во која вреди да се живее.**

Тоа е нашата најголема одговорност.

Да им оставиме Македонија во која ќе сакаат да останат.

Македонија во која ќе можат да успеат.

Македонија во која ќе се чувствуваат сигурно, достоинствено и свое.

Затоа, на овој светол и значаен ден, да ја зајакнеме довербата меѓу нас, да покажеме мудрост и храброст и да не дозволиме личните амбиции, политичките разлики и поделбите да бидат поголеми од она што ни е заедничко.

Затоа што иднината на Македонија е поголема од секоја функција, од секоја партија и од секој поединечен интерес.

Верувам во нашите луѓе, во нивното знаење, во нивната способност да создаваат и во македонскиот дух кој толку пати низ историјата покажал дека знае да опстане, да се исправи и да продолжи напред. Верувам дека можеме да бидеме подобри од нашите поделби, посилни од нашите разочарувања и похрабри од нашите стравови, ако знаеме што ни е заедничката цел.

А таа цел е едноставна:

**Подобра Македонија.**

Македонија за нашите деца.

Македонија за идните генерации.

Македонија што ќе ја чуваме не само со зборови, туку со дела.

Ова е земја на сонцето и светлината, земја на планините, реките и езерата, земја на песната, јазикот, традицијата и вековната меморија; земја која генерации Македонци ја носеле во срцето, дури и тогаш кога животот ги однел далеку од неа.

Да си ја чуваме оваа убава држава.

Да си ја чуваме слободата.

Да си го чуваме јазикот, културата и достоинството.

Но пред сè – да ја градиме Македонија така што оние што ќе дојдат по нас ќе имаат причина да останат, да создаваат и да веруваат во неа.

**Наследивме слободна Македонија.**
**На нашите деца им должиме успешна Македонија.**

Нека ни е честит 8 Септември – Денот на независноста!

**Среќен 35-ти роденден, Татковино!**

**Да живее Републиката!**
**Да живее независна Македонија!**

И на крај, секогаш нека нè водат зборовите што со едноставност, а со огромна тежина ја опишуваат нашата заедничка одговорност – зборовите на првиот претседател Киро Глигоров:

**„Македонија е сè што имаме.“**